Михаил Булгаков

Пасјо срце

БИБЛИОТЕКА – ARS MAGNA

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Михаил Афанасьевич Булгаков, **Собачье сердце**

Превод од руски јазик
Тања Урошевиќ

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Ликовно уредување
Ѓорѓе Јовановиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување делови или целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Михаил Булгаков

Песјо срце



Скопје, 2026

1.

Ау-у-у-у-у-ху-хух-хуу! О, видете ме, умирам. Виулицата кај портата ми ја фучи погребната, а јас завивам со неа. Готов сум, готов. Никаквецот со валкана капа – готвачот од мензата за правилна исхрана на вработените во Централниот совет на народното стопанство, ми плисна зовриена вода и ми го попари левиот бок. Каков гад, а уште ми се нарекува пролетер. Господе, боже – колку ме боли! Врелата вода ме нагриза до коска. Сега завивам, завивам, но зар завивањето може да помогне?

А што му пречев? Зар ќе го оштетам Советот на народното стопанство ако пробуричкам малку во ѓубрето? Алчно суштество! Само некогаш погледнете му ја муцката: па тој е поширок одошто е долг. Апаш со муцка како тепсија. Ах, тие луѓе. На пладне ме беше „почестил“, главучот, со врела вода, а сега се стемни, приближно е четири часот попладне, судејќи според тоа како мириса на кромид од пожарникарската Пречистенска бригада.

Пожарникарите вечераат каша, како што ви е познато. Но тоа е нешто најдолно, слично на печурки. Пците што ги познавам од Пречистенка, впрочем, ми имаат кажувано дека на Неглина, во ресторанот „Бар“, го лапаат секојдневното мени – печурки во лут сос, три рубли и седумдесет и пет копејки порција. Тоа е само за љубители – исто како да лижеш галоша... У-у-у-у-у-у...

Бокот ме боли неподнослив и иднината на мојата кариера ја гледам сосема јасно: утре ќе се појават рани и, да ве прашам, како ќе ги лекувам? Лете можеш да се свиткаш во Сокољники, таму има посебна, мошне добра трева, а освен тоа, ќе се изналапаш бесплатно крајчиња од колбаси, граѓаните ќе изнафрлаат мрсна хартија, ќе се изналижеш. И само да не е она укориштено што на полјаната на месечина ја пее „Небесна Аида“, онака да ти се смачи, ќе беше одлично. А сега каде да одам? Ве клоцнал ли некој со чизма? Ве клоцнал. Сте добивале ли тула по ребрата? Сè е искусено во доволна мера. Сè имам испробано, се помирувам со судбината и ако сега плачам, тоа е само од физичката болка и од студот, зашто духот сè уште не ми е згаснат... Жилав си е песјиот дух.

Но ете, телото ми е скршено, претепано, луѓето доволно се изживуваа со него. А најлошото е – кога ме плисна, врелата вода ми се вовре под крзното, а тоа значи дека веќе ништо не го штити левиот бок. Многу лесно можам да фатам воспаление на белите дробови, а ако го фатам, граѓани мои, ќе пцовисам од глад.

Кога имаш воспаление на белите дробови треба да лежиш кај главниот влез под скалите, а кој, пак, наместо мене, еден пес самец, ќе трча по кантите во потрага по храна? Ќе ми се преладат белите дробови, ќе почнам да лазам на стомак, ќе заслабнам и секој позорникар со стап ќе ме истепа до смрт. И домарите со престилки ќе ме зграпчат за нозе и ќе ме исфрлат на ѓубрециската кола...

Од сите пролетери, домарите се најгадната сорта. Човечки отпад – најдолна категорија. Готвачот може да биде и поинаков. На пример, покојниот Влас од Пречистенка. На колкумина тој им го има спасено животот. Зашто за време на болест, најважно е да каснеш нешто. И ете, се случувало, раскажуваат старите пци, Влас ќе фрли коска, а на неа цела осминка месо. Нека му е лесна земјата, зашто беше вистинска личност, господски готвач на грофовите Толстој, а не Советот за правилна исхрана. Што ли прават тие таму во правилна исхрана – еден песји ум не може да сфати. Зашто, нели, тие, никаквеците, од засмрдена пастрма варат подварок, а оние, кутрите, ништо не знаат за тоа. Дотрчуваат, лапаат, локаат.

А некоја дактилографка од деветтата платна класа добива по четири и пол рубли; љубовникот, навистина, ќе ѝ подари свилени чорапчиња. Но за таа свиличка, пак, колку понижувања треба да поднесе. Зашто тој не сака на некој обичен начин, туку ќе ја присили на француска љубов. Никаквеци се тие Французи, меѓу нас речено. Иако богато лапаат, и тоа

секогаш со црвено вино. Да... Ќе дотрча малата дактилографка, зашто со четири и пол не ќе појдеш во „Бар“. Нејзе ни за кино не ѝ стасува; а киното на жените им е единствена утеха во животот. Трепери, се мурти, а лапа... Претстави си само: четириесет копејки – две јадења, а тие две јадења не чинат ни петнаесет копејки, зашто разликата од дваесет и пет копејки економот ја има украдено. А зар нејзе навистина ѝ треба такво јадење? Нејзе и врвот од десното белодробно крило не ѝ е в ред, а ја има и женската болест на француска основа, на работа ѝ имаат одбиено од плата, во мензата се најала смрдена пастрма, и ене, ене ја... Трча кон влезот по чорапите од љубовникот. Нозете ѝ се студени, ѝ дува во стомакот, зашто крзното ѝ е слично на моето, а носи лесни гаќички, како тантелен привид. Парталчиња за љубовникот. Само да смее да навлече фланелски, да се обиде само, тој ќе се провикне: *колку си неелеѓантна! Довде ми дојде и мојана Матрјона, се изнамачив со фланелски ѓаќи, сеѓа ми е дојдено временцето. Сеѓа сум претседател и, колку и да изнакрадам, сè, сè ќе дадам за женско тело, за ракчиња, за шампањ Абрау-Дирсо. Зашто се имам изнаѓладувано во младоста, доста ми е, а задѓробен живот не постои.*

Ја жалам, многу ја жалам! Но самиот себеси уште повеќе се жалам. Не го велам ова од себичност, о не, туку поради тоа што ние навистина не сме во рамноправна положба. Нејзе макар дома ѝ е топло, а мене, а мене... Каде да појдам? А-у-у-у-у!..

– Дојди, дојди! Шарик, ме слушаш, Шарик... Зошто цвилиш, кутар ти? Кој те повредил? Леле...

Вештицата, сувата виулица, ја тресна портата и госпоѓицата ја шибна со метла по увото. Ѝ го крена здолништето до коленцата, ги откри чорапчињата во крем боја и тесната лентичка од лошо испраната тантела на долната облека, ги придуши зборовите и го прекри песот.

– Господе... Какво време... Ух... И стомакот ме боли. Тоа е пастрмата, пастрмата! И ќе има ли крај на сево ова?

Наведнувајќи ја главата, госпоѓицата се втурна во напад, се проби низ портата, а на улицата меќавата почна да ја врти, да ја врти, да ја раскинува, а потоа ја завлече во снежниот виор и исчезна.

А песот остана пред портата и мачејќи се од болката во повредениот бок, се притисна кон студениот масивен ѕид, си го задржа здивот и цврсто реши дека оттука нема да се помрдне и дека така и ќе пцовиса тука кај портата. Очајанието го совлада докрај. Во душата чувствуваше толкава болка и горчина, толкава осаменост и страв, што ситни песји солзи, како меурчиња, му потекоа од очите и веднаш се исушија. Повредениот бок сиот беше во грутки смрзнато крзно, а меѓу нив се назираа црвените злокобни дамки на попарената кожа. Колку се неразумни, тапи, сурови готвачите. Таа го нарече „Шарик“... Каков Шарик е тој, по

ѓаволите? Шарик[1], тоа значи топчест, ухранет, глуп, си лапа овесна каша, син на познати родители, а тој е сиот бушав, долгманест и распартален, скитник коска и кожа, бездомен пес. Сепак, фала ѝ за добриот збор.

Тропна вратата од спротивната страна на улицата во силно осветлената продавница и од неа излезе еден граѓанин. Имено, граѓанин, а не другар, и дури би се рекло – и тоа со најголема сигурност – господин. Од поблизу – стана појасно – господин. Мислите дека ценам според палтото? Глупости. Палто сега носат многумина, и тоа од пролетерите. Јаките, навистина, им се поинакви, тука нема ни што да се каже, но сепак оддалеку може да се згреши. Но ете според очите – тука веќе ни одблизу ни оддалеку нема да згрешиш. О, очите се важна работа. Слично на барометар. Сè можеш да видиш – кој има голема суша во душата, кој без никаква причина може да те клоцне со врвот од чизмата в ребра, а кој и самиот од секого се плаши. Токму таквиот слуга е пријатно да го зграпчиш за листот. Се плашиш – ете ти, на! Штом се плашиш, тогаш заслужуваш... р-р-р... ав-ав...

Господинот самоуверено ја пресече улицата низ sидот на виулицата и тргна накај влезот. Да, да, кај овој сè се гледа. Овој нема да ти јаде засмрдена пастрма, а ако некаде го послу-

[1] Деминутив од зборот *шар* што значи топка (Сите забелешки се на преведувачката, освен ако е наведено поинаку).